# Биографија на проф. Гашпар Биро

Проф. Гашпар Биро предаваше меѓународно право и политика на Универзитетот Етвош Лонранд од Будимпешта и беше специјален претставник на ООН за Судан. Во 1995 година, Владата на Република Унгарија му ја додели на Гашпар Биро наградата „За малцинствата“ како признание за „неговите активности за заштита на малцинствата и за подготовка на основните концепти на Законот за правата на националните и етнички малцинства“, кој бил усвоен од унгарскиот парламент во 1993 година со мнозинство од 96% од гласовите. На 19 мај 2010 година, Сенатот на Универзитетот Американ колеџ Скопје му ја додели на Гашпар Биро титулата *professor honoris causa* за неговиот исклучителен придонес во развојот на Универзитетот и за неговите извонредни постигнувања во политичките науки, во унапредувањето на човековите права и во заштитата на малцинствата. Проф. Гашпар Биро беше посветен пријател на Македонија. Неговите колеги, како и дипломатите високо ги ценат неговите напори во раните фази на меѓународно признавање на Република Македонија, како и неговиот придонес за продлабочување на билатералните односи меѓу Унгарија и Македонија. Пред сé, тој ќе биде запаметен како брилијантен интелектуалец кој храбро се залагаше за идеалите на слобода и човечко достоинство.